Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Педагошки факултет Св. Климент Охридски
СКОПЈЕ
Примено: 22.9.2021
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 08 | 542/1 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 292/7
17.08. 2021 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 205 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 21 седница одржана на 09.09.2021 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Образование на наставници (за примарно образование)“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Образование на наставници (за примарно образование)“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на науки по образование на наставници (за примарно образование)/во меѓународен промет академски назив: PhD in Education of teachers (for Primary education).

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки.
Научно – истражувачко поле: 505 Образование
Научно – истражувачка област: 50500 Педагогија, 50501 Дидактика, 50504 Методика.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
Проф. д-р Розалина Попова Коскарова, Проф. д-р Маја Рауник Кирков, проф. д-р Зоран Михајловски, проф. д-р Љуљзим Адеми, проф. д-р Мито Спасовски, проф. д-р Аида Ислам, проф. д-р Сузана Никодиновска Банчотовска, проф. д-р Татјана Котева Мојсовска, проф. д-р Билјана Камчевска, проф. д-р Емил Селејман, проф. д-р Слаѓана Јакимовиќ, проф. д-р Весна Макашевска, проф. д-р Бујар Саити, проф. д-р Аднан Ќахил, проф. д-р Мариета Петрова, проф. д-р Билјана Глигорова, проф. д-р Леонора Јегени, проф. д-р Флорина Шеху.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 02 - 433/5 од 25.03.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Образование на наставници (за примарно образование)“ од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 292/1 од 30.03.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 292/6 од 14.09.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 21-та седница одржана на 09.09.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски